# *С О О П Ш Т Е Н И Е*

## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА *ЗИМСКИОТ СЕМЕСТАР*

## ВО УЧЕБНАТА *2015/2016* година ЗА СИТЕ СТУДЕНТИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

**Правилата и режимот на студирање за сите студенти, на сите студиски програми на Факултетот за земјоделски науки и храна се утврдени врз основа на одредбите на Законот за високото образование, Статутот и Правилникот за студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Правилниците и другите акти донесени од страна на Факултетот кои ја уредуваат оваа материја, а се конкретизирани со посебни одлуки на Наставно-научниот совет на Факултетот, и се објавени во посебни соопштенија на огласните места на Факултетот.**

**1. Запишување на зимскиот семестар, односно година во учебната 2015/2016 година, за сите студенти: редовни во државна квота, редовни со кофинансирање и вонредни студенти, на сите студиски програми ќе се врши на 7, 9, 14, 15, 17, 18 и 22 СЕПТЕМВРИ 2015 година.**

- ***Запишување после предвидениот рок (во период од најмногу 10 работни дена) ќе се врши со надоместок од 500 денари уплатени на жиро сметка на Факултетот.***
- ***Студентите кои од оправдани причини задоцниле помалку од 30 дена од почетокот на редовниот рок за запишување на студентите, истото можат да го направат со задолжително поднесување на барање, поткрепено со соодветна документација за оправданото отсуство.***

- ***После предвидениот рок, студентите неможат да запишат семестар.***

**2. Редовните студенти, запишани на сите студиски програми, кои имаат остварено услов за запишување на нареден семестар (минус еден предмет од претходниот семестар) имаат обврска при запишувањето на зимскиот семестар да уплатат 1/2 од партиципацијата, односно надоместок во висина од 100,00 Евра, (во денарска противвредност) на жиро сметка на Факултетот.**

**3. Редовните студенти на сите студиски програми, кои не ги исполнуваат условите од точка 2, заклучно со септемвриската испитна сесија, можат да запишат нареден III, V и VII семестар, со надомест од 3,33 евра за секој кредит од презапишан или неположен предмет од претходниот семестар (6 кредити x 3,33 евра=19,98 евра од предмет, во денарска противвредност), уплатени на жиро сметка на Факултетот. Редовните студентите кои не оствариле право на потпис на најмалку 50% од предвидените предмети (три предмети во тековниот семестар), ги продолжуваат студиите со поднесување на трошоците за студирање со кофинансирање, односно според условите од точка 6.**

**4. Редовните студенти (запишани по старите студиски програми-пред учебната 2009/2010 година) со заверен VIII семестар, можат да запишат апсолвентски стаж со надомест од 3,33 евра за секој кредит од презапишан или неположен предмет од претходниот семестар (6 кредити x 3,33 евра=19,98 евра од предмет, во денарска противвредност), уплатени на жиро сметка на Факултетот.**

**5. Апсолвентите по втор или повеќе пати, можат да запишат апсолвентски стаж со партиципација од 1000,00 денари од семестар и со надомест од 3,33 евра за секој кредит од презапишан или неположен предмет од претходниот семестар (6 кредити x 3,33 евра=19,98 евра од предмет, во денарска противвредност), уплатени на жиро сметка на Факултетот.**

**6. Редовните студенти со кофинансирање и вонредните студенти, кои ги исполнуваат условите за запишување на нареден семестар (минус еден предмет од претходниот семестар) запишуваат семестар/година со надоместок од 400,00 Евра, со плаќање на две еднакви рати, во (денарска противвредност) уплатени на жиро сметка на Факултетот.**

**7. Редовните студенти со кофинансирање и вонредните студенти, кои не ги исполнуваат условите од точка 6, заклучно со септемвриската испитна сесија, можат да запишат нареден III, V и VII семестар, со надомест од 3,33 евра за секој кредит од презапишан или неположен предмет од претходниот семестар (6 кредити x 3,33 евра=19,98 евра од предмет, во денарска противвредност), уплатени на жиро сметка на Факултетот.**

**ЖИРО СМЕТКАТА НА ФАКУЛТЕТОТ Е:**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-СКОПЈЕ, Ж.С. 160010454578810, со ТРЕЗОРСКА СМЕТКА 100000000063095 и ПОВИКУВАЧКИ БРОЈ 723012, ПРОГРАМА 41, НАЧИН 2, СО НАЗНАКА: ЗА ЗАПИШУВАЊЕ, ПРИМАЧ: НАРОДНА БАНКА НА РМ.**

8. **Редовните студенти, редовните студенти со кофинансирање на студиите, вонредните студенти и апсолвентите, со запишувањето на зимскиот семестар имаат обврска за уплата и на следниве надоместоци:**

**а) ПОТВРДА за уплатени 750,00 денари, на жиро сметка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со назнака: за ИКСА на УКИМ за ФЗНХ - Скопје.**

**б) ПОТВРДА за уплатени 1.850,00 денари, на жиро сметка на Факултетот, со назнака: за АУС на ФЗНХ - Скопје.**

**в) ПОТВРДА за уплатени 100,00 денари со назнака: за лично осигурување на жиро сметка 370011100031098, Банка на примачот: ЕУРО-СТАНДАРД БАНКА, назив на примачот: ЕУРО ЛИНК - ОСИГУРУВАЊЕ од ФЗНХ - Скопје *(плава уплатница).***

**г) ПОТВРДА за уплатени 100,00 денари, на жиро сметка на СП при ФЗНХ - Скопје, со назнака: за активности на СП при ФЗНХ *(плава уплатница).***

## ПРИ ЗАПИШУВАЊЕ, СТУДЕНТИТЕ ПОТРЕБНО Е ДА ПРИЛОЖАТ:

- **ИЗЈАВА ЗА ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ (се пополнува во студентски параламент, соба бр. 38А-СПФЗН)**
- **ПОТВРДА ЗА ОСТВАРЕНА ПРАКТИЧНА НАСТАВА (само за студентите запишани во учебната, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014 и 2014/2015 година)**
- **ПРИЈАВЕН и БЕЛ ЛИСТ (ШВ 20) за запишување на година со Т.М. од 50,00 денари;**
- **ПОПОЛНЕТА СТУДЕНТСКА АНКЕТА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА НАСТАВНИЦИТЕ И СОРАБОТНИЦИТЕ НА ФЗНХ (за студентите кои немаат заверено летен семестар во учебната 2014-2015 година. Анкетата се пополнува во студентски параламент, соба бр. 38А-СПФЗН)**

**Редовните студенти со просек над 9,50, како и останатите категории на студенти кои имаат право на бесплатна школарина (според Одлуката донесена од ННС на 43-та седница одржана на 13.9.2012 година) и друго, аплицираат за школарината заклучно со 14 септември во тековната година.**

**Правилата и режимот на студирање за студентите и апсолвентите запишани по студиски програми од пред 2002 година, ќе се реализираат со посебни Одлуки донесени од ННС на ФЗНХ.**

***ПОТРЕБНИТЕ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИТЕ МОЖАТ ДА ГИ НАБАВАТ ВО ФОТОКОПИРНИЦАТА НА ВЛЕЗОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ.***

***ОД ДЕКАНАТОТ НА ФЗНХ ВО СОСТАВ НА УКИМ***